Известување до матичните лекари и специјалистите од југозападниот регион за снимање за скенови во Одделот за нуклеарна медицина во КБ Битола

Ве известуваме дека пациентите кои треба да бидат упатени на снимање за скен во Одделот за нуклеарна медицина во КБ Битола потребно е со извештајот од лекарот да дојдат во просториите на Одделот за нуклеарна медицина или да се јават на телефонскиот број **047 243 367** кај главната сестра.

При тоа задолжително треба да остават телефон за контакт. Неколку дена пред снимањето пациентите ќе бидат телефонски известени за точниот термнин, од страна на КБ Битола. Потоа тие треба да се обратат кај својот матичен лекар за да им издаде упат со повисок приоритет.

Потсетуваме дека важноста на упатот со повисок приоритет е 7 (седум) календарски денови.

Клиничка болница Битола

Оддел за нуклеарна медицина